СОЗДАВАМЕ ИДНИНА ЗАЕДНО
НАЦИОНАЛНА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА

Тематска анализа/дијагностика:

# Управување со водите и водостопанска инфраструктура

## Извршно резиме

Водните ресурси се клучен елемент на социо-економскиот развој на државата. И покрај тоа, деградацијата на водните екосистеми е во пораст како резултат на комбинираното влијание на притисоците поврзани со потребите на развојот (пр. демографски промени, урбанизација, земјоделство, индустријализација) и глобалните промени (пр. климатски промени). Следствено, водниот стрес и поврзаните ризици (пр. загадување, поплави и суши) се во пораст, поткопувајќи го интегритетот на екосистемите и перспективите за развој.Во таков контекст,Националната развојна стратегија (НРС) дава можност за промена на парадигмата за управувањето со водите како основа за промена на пристапот во планирањето, изведбата, одржувањето и користењето на водостопанската инфраструктура.Новиот пристап кој во предвид би ги имал пошироките општествени, економски и политички приоритети има подобри перспективни на одржливост и потенцијал да ја намали асиметријата во распределбата на „добивките и трошоците“ од управувањето со водите и другите поврзани ресурси во географски, социјален и трансгенерациски контекст.

Составен од шест главни целини, овој извештај дава преглед на некои од главните аспекти поврзани со управувањето со водите и водостопанската инфраструктура кои треба да бидат дел од процесот на изработка на НРС. Во првиот и вториот дел, тој се осврнува на контекстот, стратешкото опкружување и главните предизвици на две главни нивоа и тоа: **а)** систем за управување со водите во поширока смисла и **б)** водостопанска инфраструктура во контекст на системот за управување со водите. Концептуалните основи за анализата произлегуваат од современите пристапи на интегрално управување со водите, водна сигурност, екосистемски пристап, пристап на адаптација кон климатските промени, градење на отпорност.

На овие две нивоа, даден е осврт на институционалната поставеност и клучните чинители, нивната улога во системот, но и можната улога во изработката на НРС. Дополнително, во во овој дел вклучен е преглед на релевантните национални политики, стратешки документи, планови и програми кои треба да се консултираат и/или усогласат во рамките на процесот на изработка на НРС.
Врз основа на преглед на релевантна документација и податочни бази, извештајот се осврнува на главните предизвици во управувањето со водите и водостопанската инфраструктура во контекст на пошироката рамка на одржливиот развој.

Во третиот дел, извештајот дава преглед на достапните податоци кои што може да се користат како појдовни основи за разбирање на моменталната состојба на системот (и инфраструктурата), како и за поставување на соодветни индикатори со чијашто помош би се следеле идните резултати во рамките на целите на одржливиот развој. Првични формулации и/или насоки на овие индикатори исто така се вклучени во извештајот.
Заради поврзување на главните експертски анализи со перцепциите, ставовите, потребите и визијата на пошироката јавност, во својот четврт дел, извештајот дава преглед на клучните инпути во оваа тематска област од процесот на широки консултации.

Со оглед на широкиот опфат на тематската област, во петиот дел на извештајот даден е преглед на поврзаноста со клучните трансферзални теми од интерес за НРС (Управување со ризици од катастрофи и отпорност, Добро владеење, Социјална инклузија и родови прашања, Дигитализација и иновации, Пристап заснован на човекови права), како и клучните појдовни основи и индикатори во контекст на државата.

Конечно, на крај отизвештајот дава преглед на заклучоците од анализата и низа на концептуални насоки од релевантност за понатамошниот процес на изработка на НРС.